







# Медиумите и трговијата со луѓе

## ВОДИЧ




Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Овој водич е адаптирана и преведена верзија од оригиналната публикација ***"Media and Trafficking in Human Beings Guidelines"*** изработена во 2017 во рамките на проектот *„Борба против трговијата со луѓе и организираниот криминал – фаза 2"*. Проектот го финансираше Европската Комисија, а го имплементираше Меѓународниот центар за развој на миграциски политики (ICMPD) во соработка со Expertise France и FIIAPP.

Со дозвола на ICMPD, водичот е прилагоден во рамките на проектот „Спречување и борба против трговија со луѓе во Северна Македонија" Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција – втора фаза, имплементиран од Советот на Европа.

**Оригинален наслов:** Ethical Journalism Network (2017), ***Media and Trafficking in Human Beings Guidelines***, ICMPD.

**Автор:** Ејдан Вајт, Мрежа за етичко новинарство

EJN Ethical Journalism Network

**Тимот на ICMPD:** Мадис Ваиномаа, Иванка Георгиева,

Едгар Федерсони дос Сантос, Вилијам Хадлстон

ICMPD International Centre for Migration Policy Development

**Адаптација на македонски јазик:** Елена Петреска

**Фотографии:** Shutterstock

**© 2021 Совет на Европа.**

**Сите права се задржани.**

Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови. Ниту еден дел од публикацијата не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, во кој било облик или со кое било средство, електронско (ЦД-ром, Интернет, итн.) или механичко, вклучително и фотокопирање, снимање или каков било систем за складирање или повлекување на податоци, без претходно писмено одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Стразбург Цедекс или publishing@coe.int).

Публикацијата е изготвена со помош средства од заедничката програма на Советот на Европа и Европската Унија. Содржината на публикацијата на никаков начин не може да се смета дека го одразува официјалното гледиште на Советот на Европа и на Европската Унија.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

# СОДРЖИНА


1. **Вовед** 4

2. **Стратегии на редакциите** 9

3. **Добри практики** 11

4. **Насоки за фотоновинарство** 21

5. **Погрешни практики** 23

6. **Линкови и контакти** 26

    Релевантни меѓународни институции и организации 29

    Неколку клучни политички иницијативи и ресурси од меѓународните агенции со кои новинарите и медиумите треба да се запознаат 31

    Корисни линкови и примери за добро известување 32

    Некои од постоечките насоки за медиумско известување кои се достапни на интернет 33




# 1. Вовед

*Приказната за трговијата со луѓе е една од најтешките, најсложените и етички најпредизвикувачките задачи за новинарите и уредниците.*

Трговијата со луѓе е приказна на вртоглави бројки. Луѓето кои стануваат жртви на трговијата со луѓе потекнуваат од најранливите категории. Според грубите пресметки, 40 милиони луѓе живеат во експлоатација; 150 милиони деца се принудени да работат, а бројката на мигрантските работници се движи околу 150 милиони. Милиони од овие луѓе (никој не ја знае точната бројка) истовремено стануваат жртви на трговијата со луѓе. За да се раскаже нивната приказна потребни се грижа и чувствителност пред сѐ, бидејќи речникот, начинот на кој што се раскажува приказната и контекстот во кој медиумите и новинарите известуваат можат да нанесат штета, да побудат омраза, да предизвикаат стереотипи. Исто така, начинот на кој што се раскажува приказната може да создаде недоразбирања, да го одврати вниманието на јавноста од причинителите, како и да ја оневозможи потребната јавна дебата за тоа како да се одговори на овој феномен.

Овој водич има за цел да им помогне на медиумските работници, пред сѐ на уредниците и репортерите подобро да го разберат феноменот на трговија со луѓе и приказните да ги обликуваат така што ќе ги избегнат опасностите што демнат во агресивното и конкурентното медиумско окружување.

Трката за објавување приказна, збунувачкиот и несигурен свет на социјалните медиуми, како и подемот на пропагандата и политичкото влијание придонесуваат новинарството сѐ повеќе да тоне во светот на сензационални наслови и звучни фрази.

Трговијата со луѓе е сложен општествен проблем за кој е потребно претпазливо, информирано и пред сѐ, сочувствително новинарство коешто ќе го прикаже контекстот, ќе им даде збор на жртвите и ќе помогне да се најде решение.

Медиумите и новинарството треба да играат позитивна улога во општото убедување дека трговијата со луѓе може да се искорени. Политичките лидери и општата јавност треба да ја прочитаат, слушнат и видат целата приказна. Тоа е суштинскиот прв чекор за придобивање на политичката волја потребна за надминување на основните причинители на трговијата со луѓе.

Советите и предлозите на овие страници може да им помогнат на новинарите подлабоко да размислат за тоа како известуваат за трговијата со луѓе, да ги земат предвид правните прашања поврзани со овој феномен како и човековите права, да увидат како се третираат жртвите на трговија со луѓе, нивната приватност и добросостојба и како да ја раскажат приказната на хуман и разбирлив начин.

# Запознавање со основите

Веродостојното новинарство бара од известувачите и уредниците да се запознаат и да го разбираат тоа што го зборуваат. Термините што ги користиме за да известуваме за трговијата со луѓе често пати имаат јасни правни дефиниции. Новинарите треба да ги користат внимателно и прецизно.

**Трговијата со луѓе** подразбира експлоатација и кршење на човековите права. Трговците со луѓе целат кон луѓето како поединци. Обично се поврзани со криминални мрежи кои организираат трговија со луѓе заради принудна работа, принудна работа во домашни услови, сексуална експлоатација, ропство, отстранување на органи. Луѓето стануваат ранливи кон трговијата со луѓе доколку немаат дозвола за патување од својата земја на потекло или доколку не се пријавени да живеат и работат во земјата на дестинација.

### Трговијата со луѓе:

- е кривично дело;
- • се врши против волјата на тргуваното лице или без негово одобрување;
- • е дел од подолгорочен, експлоатирачки однос;
- • подразбира профит од експлоатацијата;
- • може да биде внатрешна или меѓународна.

Клучните меѓународни и правни инструменти кои се однесуваат на трговијата со луѓе се: Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал (2000) и нејзините протоколи, а особено Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жените и децата (познат и како Протоколот од Палермо); Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (2005); како и Директивата 2011/36 на ЕУ за спречување и сузбивање на трговијата со луѓе и заштита на жртвите (2011).

**Криумчарење мигранти** е комерцијален однос што подразбира помагање на луѓето да патуваат нерегуларно и да ги избегнуваат официјалните процедури со кои се уредува движењето на лица од една во друга земја. Станува збор за кривично дело против националните закони, а не против самото лице. Во многу случаи, криумчарите исто така може да ги повредат и човековите права на мигрантите, но нивната улога главно се состои во тоа што ги даваат услугите кои мигрантите или бегалците ги бараат, кога истите не се достапни при регуларна миграција.

Според Обединетите Нации, криумчарењето: „е обезбедување, за да се добие, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист, од илегален влез на лице во држава-страна на која лицето не е државјанин или постојан жител “.[1]

### Криумчарењето мигранти:

1 Протокол против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, кој што ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (2000), Член 3а.

- • Е кривично дело против државата;
- • Се врши со согласност од лицето кое е предмет на криумчарење;
- • Честопати претставува само еднократен, комерцијален однос;
- • Подразбира плаќање на криумчарот за услугата;
- • Подразбира минување на државна граница.

**Национален механизам за упатување (НМУ)** е концепт или рамка во којашто институциите и граѓанските организации во една држава соработуваат заради идентификување и помош на жртвите на трговијата со луѓе. Ваквите механизми постојат во форма на национални канцеларии, а понекогаш и како де факто практики на соработка помеѓу надлежните државни институции и актерите од граѓанското општество. Концептот на НМУ беше првично развиен од Организацијата за безбедност и соработка на Европа -ОБСЕ, а Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе содржи рамка за соработка помеѓу институциите и невладиниот сектор за идентификување и помош на жртвите на трговијата со луѓе. Во Северна Македонија функционира НМУ во рамките на Министерството за труд и социјална политика и има за цел да обезбеди идентификација, помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе.

**Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција** во Северна Македонија е меѓуресорско тело кое има за задача да ја координира работата на сите институции вклучени во процесот на заштита, превенција и истраги поврзани со случаи на трговија со луѓе. Со комисијата раководи **Национален координатор**. Во рамките на Комисијата функционира **Секретаријат,** тело кое што е одговорно за прифаќање и имплементација на одлуките на Националната комисија кое вклучува претставници на државни институции, невладини организации, меѓународни организации и владини тела. Дел од Комисијата е и **Подгрупа за деца-жртви на трговија со луѓе**, која има за цел заштита и превенција на децата жртви на трговија со луѓе.

**Национален известувач** е независно или владино тело, чија примарна улога е надгледување на целокупните активности поврзани со борбата против трговијата со луѓе. Ваквите тела се одговорни и за собирање и анализирање на податоци во контекст на заштитата, превенцијата и кривичното гонење на сторителите, како и следење и мониторирање на имплементацијата на акционите планови за борба против трговија со луѓе. Во Северна Македонија, од 2019 година Известувачот делува како независно тело во рамките на Народниот правобранител, со мандат да врши надзор и анализа на моменталната состојба со трговијата со луѓе и трендовите со нерегуларна миграција, како и да објавува годишни извештаи.

**Транснационалниот механизам на упатување** е договор за соработка за прекугранична сеопфатна помош и/или трансфер на идентификуваните или потенцијалните тргувани лица. Ги поврзува сите фази од процесот на упатувањето, од почетниот скрининг, преку формална идентификација и помош, до доброволно помогнато враќање, социјална инклузија, граѓанска и кривична постапка. Се заснова на соработката помеѓу владините институции, меѓувладините агенции и невладините организации на земјите на потекло, транзит и дестинација, во согласност со обврските за промовирање и заштита на човековите права.

**Недокументираните или нерегуларни мигранти** често пати, погрешно, се именуваат како „илегалци“. Јасно е дека станува збор за предрасуда кога се употребува ваков термин. Но, некои миграции се нелегални, кога луѓето избираат да го прекршат законот така што ќе мигрираат илегално. Се претпочита употребата на термините **„нерегуларни“ или „недокументирани“ мигранти**. Но, со ова не смее да се замагли казнивоста на криумчарењето на луѓе и трговијата со луѓе. Не се сите нерегуларни мигранти ранливи на трговијата со луѓе, но се во ризик од експлоатација и злоупотреба на човековите права, особено кога ги користат услугите на криумчарите. Статус на нерегуларен имигрант во земјата на дестинација може да доведе до експлоатација на заплашените поединци од страна на организаторите на принудна работа и ропство.

**Ропство или современо ропство** е општ, сеопфатен термин кој опфаќа најразлични форми на принуда и експлоатација, при што лицето не може да одбие или да си замине поради закани, насилство, измама и/или злоупотреба на моќ. Ропството изрично се забранува со меѓународното право. Опфаќа и други прашања, како што се присилно стапување во брак, принудна работа или трговија со луѓе. Заради мерење на степенот на ропство, меѓународните организации се фокусираат на бројот на луѓето коишто работат принудна работа или живеат во присилен брак.

**Трговија со луѓе заради сексуална експлоатација е** кога возрасно лице се впушта во комерцијален сексуален чин, како што е проституцијата, како резултат на сила, измама, закана или принуда.

**Трговија со деца заради сексуална експлоатација** се разликува од трговијата со возрасните лица по тоа што за децата никогаш не може да се каже дека дале согласност за продажба на сексуалниот чин. Терминот детска проституција е често користен, но погрешен начин да се опише комерцијалната сексуална експлоатација на децата. Начелно, детската проституција е форма на организиран криминал која ја водат криминалните мрежи, а често ја поддржуваат и трговците со луѓе.

**Присилно стапување во брак** настанува кога жена или девојка, а понекогаш и маж или момче, се присилуваат да стапат во брак против своја волја. Девојката можеби ја продало нејзиното семејство, ја дало да го отплати семејниот долг, или пак ја дале за да ја повратат „честа“ на девојката.

**Домашна ропска зависност** настанува кога на лицата кои работат домашни работи и помагаат по дома не им се допушта да го напуштат домаќинството каде што работат; обично не добиваат плата или платата им е многу ниска, а често и ги злоупотребуваат.

**Принудна работа** се дефинира како ситуација кога луѓето се присилуваат да работат по пат на употреба на насилство или застрашување, или на посуптилни начини, како што е натрупан долг, задржување на личните исправи, или закана дека ќе бидат предадени на имиграциските органи. Повеќето ситуации на ропство или трговија со луѓе подразбираат и принудна работа.

**Обврзничка работа** подразбира лицето да прифати долг којшто се очекува да го отплати преку работата, но кој всушност претставува долг кој само расте и со текот на времето не може да се отплати.

**Договорно ропство** е кога лицето ќе биде измамено и ставено во ропството преку употреба на лажни договори за работа. Луѓето се измамени преку ветување за вработување, но, штом ќе пристигнат на работното место, ги присилуваат да работат без пари и тие не може да ја напуштат таквата ситуација.

**Детска работа** е дефинирана со меѓународното право. Се однесува на работата што ја вршат децата, а преку која економски се експлоатираат, или која може да биде опасна, го попречува нивното образование или е штетна за физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој на децата. Запомнете, за детска работа не се смета секоја работа што ја вршат децата, но, доколку таквата работа ја загрозува нивната добросостојба, ги лишува од здраво детство или им го оспорува правото да одат на училиште, речиси сигурно станува збор за злоупотреба на нивните права.

**Најлоши облици на детска работа** е меѓународен термин за опишување на ситуации во кои децата се држат во принудна работа, се вклучуваат во проституција или порнографија, или учествуваат во противзаконски активности. Главните меѓународни и правни инструменти кои се однесуваат на детската работа се Конвенциите на Меѓународната организација на трудот кои се однесуваат на најниската возраст за работа и најлошите форми на детски труд [2], како и Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето.[3] Освен тоа, трговијата со деца особено е опфатена во Протоколот за трговијата со луѓе на Обединетите Нации и важи за секое лице на возраст до 18 години.[4]

2 Межународна организација на трудот (МОТ), Конвенција бр. 138 која се однесува на минималната возраст за работа (1973) и Конвенција бр. 182 која се однесува на најлошите облици на детска работа. Види повеќе на: https://www.ilo.org/ipec/facts/ILOconventionsonchildlabour/lang--en/index.htm

3 Генерално собрание на Обединетите нации (1989). Конвенција за правата на децата. United Nations, Treaty Series, vol. 1577, p. 3, достапна на: https://www.refworld.org/docid/3ae6b38f0.html

4 Генерално собрание на Обединетите нации (2000). Протокол за спречување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено со жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации противтранснационален организиран криминал. Член 3. https://www.refworld.org/docid/4720706c0.html

*Медиумите треба да информираат за контекстот на приказните за трговија со луѓе и да ги почитуваат професионалните стандарди.*

# 2. Стратегии на редакциите

## Редакциите треба да се погрижат новинарите:



**Да ги разбираат** причините за појавата на трговијата со луѓе**.** Различни социјални, економски и политички проблеми предизвикуваат луѓето да станат ранливи на трговијата со луѓе и експлоатацијата. Тука спаѓаат правилата на миграцијата, сиромаштијата, расната и родовата дискриминација, корумпираноста на државата, како и несоодветни закони и слабото спроведување на законите. Новинарите треба да се свесни за овие аспекти;

**Да ги истражуваат** јавните политики кои ќе им обезбедат на луѓето пристап до нивните права, како на пример безбедни и сигурни патни аранжмани согласно меѓународното право и стандарди, како и слобода да бараат право на жителство или пристап до пазарот на трудот во земјите на дестинација;

**Да ги набљудуваат** ситуациите во другите држави за да истражат дали се воспоставени системи за идентификување на трговијата со луѓе, како и дали постојат законски одредби за обезбедување на соодветна заштита и рехабилитација на тргуваните деца и возрасни лица на национално ниво;

**Да воспостават** добри работни релации со групите кои работат на сузбивање на трговијата со луѓе и злоупотреба на правата на децата.

**Да ги градат** сопствените капацитети. Редакциите треба да им обезбедат доволно време на новинарите за да ги истражуваат информациите поврзани со трговијата со луѓе, како и да вложуваат во истражувачко новинарство. Важно е да се одржуваат редакциски брифинзи за прашањата поврзани со трговијата со луѓе, да се воспостават контакти со публиката преку телефонски врски и други начини за комуникација, вклучително и примање поплаки кои се однесуваат на објавените приказни за трговијата со луѓе и миграцијата;

**Да придонесат** за подобрување на собирањето податоци и размената на информации за трговијата со луѓе, принудната работа и нерегуларната

миграција, така што активно ќе соработуваат со државните органи и меѓународните организации и агенции, особено околу обезбедување статистички податоци за трговијата со луѓе;

**Да земат учество** во фокусирани кампањи за трговијата со луѓе и сродните прашања за подигање на јавната свест. Таквите уреднички иницијативи ќе ја зајакнат довербата на јавноста во новинарството.

**Штом ќе ја стекнете довербата од изворите, вестите самите ќе ве пронајдат**

Честопати доаѓа до прекин на врските помеѓу новинарите и професионалците кои ги застапуваат човековите права. Некои се колебаат дали да ги објават шокантните факти за недоволно познатите форми на трговијата со луѓе или принудна работа (на пример, со тоа што на новинарите ќе им дадат пристап до жртвите заради интервјуирање). Воспоставувањето добри релации помеѓу новинарите и професионалците кои ги застапуваат човековите права ќе помогне кон надминување на проблемот со недостигот од веродостојни истражувања и податоци што им се потребни на новинарите и кои што се материјал од суштинско значење за осмислување на приказната.

**Градење на довербата: медиумите и невладините организации можат да соработуваат, а при тоа да не се компромитира уредничката независност и да не се загрози интегритетот на проектите или достоинството на луѓето кои се жртви на трговијата со луѓе.**

# 3.
# Добри практики

*Етичките принципи во редакциите се од суштинско значење за да се обезбеди квалитетно новинарство. Известувањето за трговијата со луѓе бара знаење, како и обврска да се почитуваат основните принципи за етичко известување.*

## Клучни начела на етичкото известување се:

**ТОЧНОСТ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ФАКТИ.**

Избегнувајте лаги, лажни вести и непроверени информации.

**НЕЗАВИСНОСТ**

Делувајте според сопствената совест. Не пропагирајте и не бидете гласноговорници на политички или нечии лични интереси.

**НЕПРИСТРАСНОСТ**

Не заборавајте да ги раскажете сите страни на приказната. Дајте им можност на жртвите и оние што ги преживеале траумите на трговијата со луѓе да говорат.

**ХУМАНОСТ**

Новинарство не треба да нанесува штета. Покажете сочувство во своето известување. Посочете решенија за физичката и емоционалната криза што тргуваните лица ја преживуваат.

**ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

Бидете одговорни во својата работа. Исправајте ги грешките, секогаш кажувајте кој сте и бидете отворени во своите постапки.

Новинарите треба да ги применуваат овие основни вредности во сите аспекти на својата работа. Запомнете дека новинарите имаат специфична должност да им оддадат почит на луѓето кои се подложени на трауми, поради трговијата со луѓе. Етичкиот кодекс на Националното здружение на новинските фотографи на Соединетите Американски Држави, на пример, вели:

> *„Сите субјекти третирајте ги со почит и достоинство. Покажете посебно разбирање кон ранливите субјекти и сочувство кон жртвите на криминал или трагедија. Наметнете се во приватните мигови на тага само тогаш кога јавноста има оправдана потреба да види.“*[5]

5 Кодексот е достапен тука: https://nppa.org/code-ethics

# Почетни прашања

Овие прашања ќе им помогнат на новинарите да ги идентификуваат потенцијалните случаи на трговијата со луѓе. Доколку одговорот на некои од следниве прашања е „да“, тогаш постапувајте внимателно и искористете ги изворите посочени во овој водич за да се посоветувате.

**1.** Дали лицето со кое разговарам било принудено на ваква ситуација по пат на насилство, психолошка принуда или некој друг облик на контрола?

**2.** Дали лицето е жртва на насилство или застрашување?

**3.** Дали лицето било принудено да даде пари?

**4.** Дали лицето било изложено на присила од лице кое има положба на моќ во однос на него?

**5.** Дали да го пријавам случајот до надлежните институции за понатамошна постапка?

**Новинарите и уредниците треба да ги избегнуваат замките на погрешното информирање, лажните вести од социјалните мрежи и пропагандата од лични интереси. Ова најдобро ќе го постигнат доколку ги почитуваат следните принципи:**

### Придржувајте се до фактите, бидете скептични во врска со статистиката

Приказната е во бројките, но и бројките мамат. Трговијата со луѓе е прикриен феномен и не е возможно да се дојде до прецизни бројки. Опасноста од фабрикувани податоци е постојана. Новинарите треба да ги проверат и истражат тврдењата кои вклучуваат бројки; треба да ги проверат фактите поврзани со статистиките и кога е потребно, да ја предупредат јавноста за непроверените информации.

Запомнете, најсигурни проценки доаѓаат од телата и институциите во рамките на Европската Унија, како што се Европската Комисија, Советот на Европа и др.; меѓународните организации, како што се Меѓународната организација на трудот (МОТ), Меѓународната организација за миграции (IOM); Меѓународниот Центар за развој на миграциски политики (ICMPD), како и другите меѓународни фактори наведени во овој водич. Сепак, дури и нивните процени и начинот до

кој е дојдено до нив треба да подлежат на новинарско преиспитување.

Во продолжение се извадоци од објавен текст на интернет портал, кои отсликуваат добар пример на известување за алармантна појава која се однесува на локална средина и тангира специфична етничка заедница. Наведените бројки се поткрепени со извори, а авторот го обработува проблемот без притоа да наштети некому од ранливите групи на кои се однесува приказната.

## Детските бракови во пораст, институциите немоќни да ги сопрат и контролираат![6]

Расте бројот на детски бракови, но не сите надлежни институции ги третираат истите како повреда на правата на децата, дејствуваат во случаи кога тие се идентификувани на терен, ниту пак водат точна евиденција за нивниот бројот - реагираат од невладината организација ROMA S.O.S. Браковите помеѓу малолетници, како што велат се најизразени помеѓу ромската националност. Оттаму потенцираат дека само во Прилеп во периодот од јануари-јуни 2015 година, неофицијално се забележани повеќе од 20 формирани вонбрачни заедници во ромската заедница помеѓу и со малолетни лица.

"Детските бракови се уште не се доволно посочени како проблем и на нив често се гледа како дел од традицијата на Ромите, односно културна карактеристика што треба да се почитува, одржува и премолчи. Во отсуство на посебни институционални обврски за спречување на овие случаи, практиката покажува дека бројот на бракови кај Ромите е постојано висок и во споредба со другите заедници драстично повисок. Постоењето на вонбрачни заедници помеѓу и со малолетници придонесува за девојчињата да го напуштат образовниот процес, а со тоа се зајакнува и родовата нееднаквост"-велат од прилепската невладина организација која работи со оваа популација.

Тие објаснуваат дека податоците добиени од Мултииндикаторското кластерско истражување од 2011 година покажуваат дека детските бракови се актуелен проблем во Македонија и притоа постојат големи разлики кај различните етнички заедници. Во категоријата девојчиња на возраст од 15 до 19 години кои се во брак или живеат во заедница националната стапка изнесува 4%. Кај Македонците е 2%, кај Албанците е 6%, а кај Ромите е 22%.

"Ако се анализира состојбата до денес бројките се сигурно поголеми, но сепак процентуално е видливо најдрастично отскокнување кај ромската популација. Детските бракови се бракови кои се формирани пред стекнување полнолетство, а возрасната граница во согласност со законите е полни 18 години. Според Кривичниот законик, детските бракови се забранети, а живеењето во вонбрачна заедница со и помеѓу малолетни лица се смета за кривично дело односно претставува повреда на правата

6 Целиот напис е објавен на 12.07.2015 на https://faktor.mk/detskite-brakovi-vo-porast-institutsiite-nemokni-da-gi-soprat-i-kontroliraat .

на децата. Оттука е потребна сериозна институционална грижа за контрола и проверка на состојбата на терен” -велат од ROMA S.O.S.

Детските бракови според нив директно влијаат и на психо-физичкиот развој на детето но и во формирањето на личноста, што остава трајни последици низ натамошниот период. “Сексуалната активност на многу рана возраст го попречува развојот на гениталните органи, може да предизвика сексуално преносливи болести како и рана бременост. Покрај тоа, се поставува прашањето за нивната подготвеност да едуцираат и воспитуваат идни генерации, како и нивниот личен психолошки развој, бидејќи со случувањето на брак на рана возраст лицата се подложни на неочекувани стресни ситуации.”-нагласуваат од невладината ROMA S.O.S.

## Интернационална регулатива

Активистите ги посочуваат препораките на Комитетот на ОН од каде разгледувајќи го прогресот при имплементација на Конвенцијата за правата на децата од страна на земјава, се истакнува дека „минималната” законска возраст за брак е 18 години и притоа ја советуваат државата раните и присилни бракови да ги прогласи за ескплицитно противзаконски, а одговорните за тие дела да се казнат. Меѓу препораките се бара да се имплементира постојното законодавство и да се обезбеди браковите на деца под 18 години да се дозволат само во исклучителни случаи со судски налог и само кога тоа е во најдобар интерес на детето. Меѓу другото, интернационалната регулатива бара да се спроведат истражувања со цел да се процени бројот на деца кои се под влијание на раните и присилни бракови, вклучувајќи ги и традиционалните бракови кои не се регистрирани кај надлежните органи, да се донесат конкретни мерки за намалување и искоренување на оваа практика.

### Борете се против заблудите

Едно често недоразбирање кое произлегува од медиумскиот фокус кон сексот и сензационализмот е дека трговијата со луѓе најчесто се однесува на сексуалната експлоатација и најмногу им се случува на жените и девојките. Всушност, во некои земји во Европа, најголем дел од идентификуваните жртви на трговијата со луѓе се жртви на трудовата експлоатација, а не на сексуалната експлоатација. Сексуалната експлоатација (вклучително и на мажите и момчињата) е огромен проблем со кој треба да се справиме, но не и по цена на занемарување на другите облици на трговијата со луѓе, како што се трговија со луѓе заради трудова експлоатација, трговија со луѓе заради принуден криминал, присилно питачење, присилни бракови и др. Следниот напис е пример на правилно известување за случај кој што најверојатно се однесува на трговија со луѓе заради трудова експлоатација. Приказната е хуманизирана и дава јасна порака дека луѓето во потрага по работа можат многу често да станат жртви на различни форми трговија со луѓе.



## Моето име е Самир, и бев жртва на трговија со луѓе![7]

*Ми вети работа и одлична плата. Еј - си реков - ми тргна во животот! Сега знам дека бев затвореник, роб.*

Се викам Самир. Имам 20 години. Пред 3 години завршив средно училиште и почнав да барам работа. Пријатели ми кажувале дека во странство животот е поубав, повеќе пари се заработуваат и си реков да пробам. Побарав по огласи и најдов човек што посредуваше за работа во странство. Рече ќе ме вработи во фабрика за мотори. Ми вети одлична плата. Еј - си реков - ми тргна во животот! Малку и се плашев, непозната земја, немам никој таму, ама човекот вети дека ќе ми најде и сместување и за пат ич да не се секирам. Ми обезбеди работна виза и ми ја покажа. Тоа ги увери и моите родители дека се ќе биде во ред и ќе ми се отвори патот кон убав живот.

Тргнавме едно утро во комбе десетмина, сите возбудени. Посредникот ни ги собра пасошите уште на граница, за да поминеме граница, и веќе не ги видовме. Уште кога стигнавме некако ми се чинеше дека не е сè како што треба. Нѐ сместија во изолирана куќа во соби по четворица со стари кревети на спрат. Брзо открив дека не е сè така како што ми беше ветено. Нѐ однесоа да работиме на објект во изградба. Посредникот нѐ убедуваше дека нема слободни позиции во фабриката за мотори, па привремено треба да работиме градежништво додека да нѝ среди за ветената работа. Работев по 12 часа некогаш и повеќе, од платата не видов ништо, ме убедуваше дека морам да заработам за да му го платам патот и неговите услуги, но дека тој им праќа на моите по нешто од мојата заработувачка. Сега знам дека бев затвореник, роб. Не ни дозволуваа да излегуваме од куќата, понекогаш смеев да се јавам дома но ми се закануваа дека ако се пожалам ќе ме исфрлат на улица и ќе завршам во затвор во туѓа земја без никој да знае каде сум.

Како се спасив? Сепак имало луѓе на светов. По 6 месеци веќе бев без надеж, без желба за живот. Ме преместија да работам на друг објект. Една постара жена редовно го шеташе кучето околу градилиштето. Еднаш кучето дотрча до мене и почнавме разговор, колку што можевме да се разбереме оти не го зборував јазикот добро. Ме посоветува да избегам во текот на работното време и ми помогна да го пријавам случајот во полиција.

7 Написот е објавен на 17.10. 2020 на https://skopjeinfo.mk/moeto-ime-e-samir-i-bev-zhrtva-na-trgovija-so-lugje.

Ова е само една од бројните приказни во светот на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.

Самир смета дека луѓето многу малку размислуваат за ризикот кој се крие позади само еден клик. „Кога ќе најдете оглас на Интернет не очекувате некој да ве измами. Ако некој ме советуваше, тогаш немаше да доживеам толку тешки моменти. Но, имав среќа, се спасив“.

### Бидете позитивни и посочувајте решенија

Важно е фокусот да се става врз отпорноста на луѓето кои би можеле да станат жртви на трговија со луѓе и нивното закрепнување. Жртвите кои успеале да се рехабилитираат раскажуваат неверојатни приказни. Претставувањето на позитивни и балансирани факти придонесува кон поголема доверба на публиката во она што го кажувате. Истражете ги јавните политики и запрашајте се што и како би можело да се подобри. Следниов медиумски текст илустрира позитивен пример на жртви на трговија со луѓе кои се рехабилитирале со помош на институциите во Холандија и на кои им е дадена втора шанса за нормален живот.

## Ресторан во Амстердам вработува жртви на трговија со луѓе за да им помогне да водат нормален живот[8]

„Кога им ги дадовме сертификатите на жените, плачеа и сакаа да ги врамат“, вели **Тус Химскерк-Шеп**. „Тоа е само парче хартија, но она што го постигнале прави да се чувствуваат дека вредат нешто, што е токму она што им било одземено како жртви на трговија со луѓе. Достоинството навистина е украдено од овие луѓе – не си навистина човек, ти си производ“.

Химскерк-Шеп е директорка на холандската гранка на Not For Sale, глобална организација која работи на спречување на трговијата со луѓе. Таа води кулинарски програми во Амстердам, кои целат да ги рехабилитираат оние кои биле принудени на сексуална работа на Црвената улица. Кога го завршуваат четиринеделниот курс за готвење, кујнска хигиена и правилно однесување, добиваат сертификат.

Ја запознав Химскерк-Шеп во Dignita, ресторанот кој Not For Sale го води за да обезбеди вистинско искуство во кујна за своите ученици. Крај светлите вазни и лабавите црвени штици, забележав неколку орнаменти со форма на дијамант.

„Ги одбравме дијамантите, бидејќи така ги гледаме девојките кои поминуваат овде“, вели Химскерк-Шеп, додека пие шолја штотуку сварен чај од нане. „Крути се околу рабовите на почетокот, но кога ќе почнеш да работиш на нив, навистина блескаат“.

Одиме низ кујната за да запознаеме некои од девојките. Огромно тенџере со унгарска кокошкина супа крчка на шпоретот додека четири жени во готвачка униформа ги чистат работните маси.

8 Целиот напис е објавен од страна на Радио МОФ, 30.05.2016. https://www.radiomof.mk/restoran-vo-amsterdam-vrabotuva-zhrtvi-na-trgovija-so-lugje-za-da-im-pomogne-da-vodat-normalen-zhivot/

### Следете ги парите

Индустријата на трговијата со луѓе овозможува принудна работа која што обезбедува поевтини производи за секого. Станува збор за глобална индустрија за која се потребни темелни истраги.

Има неколку одлични примери на истражувачка работа – како што е документарецот „Луѓе на продажба“ на Би-би-си[9] емитуван во 2017 година.

Медиумите, исто така, можат да истражуваат како локалните сервиси (авто-перални, маникир-салони, салони за масажа, фарми и градилишта) користат бизнис модели изградени врз евтина работна рака. Дали се тоа потенцијални тргувани лица? Новинарите може да ги следат парите и да бараат материјали поврзани со трговијата со луѓе. На слушателите/читателите може да ѝ покажат како сите ние сме на некој начин поврзани со трговијата со луѓе. Тоа ќе им го привлече вниманието на луѓето.

> *„Новинарите кои истражуваат трговија со луѓе мораат секогаш да имаат на ум дека треба да бидат особено внимателни во своите постапки. При истражувањето ќе се соочуваат со теми во кои се инволвирани опасни криминалци, а за жал, законите во Северна Македонија не ги штитат доволно новинарите и нивната безбедност.„*
>
> **Новинар од Северна Македонија**

### Понудете надеж

Лесно ѝ е на јавноста да ги замислува луѓето кои се жртви на трговијата со луѓе или на принудна работа како беспомошни лица со трајни последици. Тоа, сепак, не е секогаш точно. Новинарството со кое се нагласува човечката отпорност и кое зборува за тоа како луѓето успеале да се измолкнат од трагедија на трговијата со луѓе и одново да си ги изградат своите животи раскажува една поинаква приказна. Следниов пример е позитивно известување во таа насока.

9 Документарецот е достапен на: https://www.youtube.com/watch?v=uDhYxVGTpgo

### Лажичката како спас од присилен брак

Аеродром и активисти за човекови права во Гетеборг ги советуваа сите девојки што се потенцијални жртви на киднапирање со цел стапување во брак или обрежување да стават лажичка во гаќите.

Имено, вработените на аеродромот се обучени како да реагираат во вакви ситуации. Лажичката ќе ги активира детекторите на метал, поради што девојките ќе бидат одведени настрана или во кабина за да бидат претресени. Тогаш ќе можат да им кажат на службениците за што станува збор.

Шведската национална линија за помош добила 139 повици со кои биле пријавени бракови со деца или присилни бракови. Активистите ги охрабруваат и другите градови да го следат примерот на Гетеборг и да ја усвојат иницијативата „лажичка“ за да ги заштитат девојките.

Идејата ја покрена британското добротворно здружение „Карма Нирвана“, кое соопшти дека оваа тактика веќе спасила голем број девојки во Велика Британија од присилни бракови. Тие побарале и повисоки казни за присилните бракови откако полицијата открила дека во последните три години имало 3.500 случаи.[10]

## Насоки за интервјуирање

Феноменот на трговија со луѓе заслужува медиумска покриеност, но, бидејќи станува збор за прикриен криминал, често пати е потребно огромно количество ресурси за да се поддржи истражувачкото новинарство. Пристапот до реинтегрираните жртви понекогаш е отежнат, а токму нивниот глас игра огромна улога за приказната да влезе во главните вести.

## ЗАПОМНЕТЕ

**Медиумите располагаат со огромна моќ. На луѓето може да им се допаѓа кога ќе им пријде некој известувач, а без при тоа целосно да го сфатат ризикот по себе и по другите откако ќе се најдат под лупата на јавноста. Ова важи за луѓето западнати во вителот на трговијата со луѓе исто колку што важи и за луѓето кои преживеале хуманитарна несреќа, војна или друг трауматичен настан.**

Новинарите мора да бидат што е можно потранспарентни во односот што го градат со своите извори, а особено со жртвите од трговијата со луѓе. Новинарите треба:

- Да утврдат дали некое лице е дете (под 18-годишна возраст);
- Да ја проценат ранливоста на изворот (особено ако станува збор за млади луѓе, или луѓе кои биле жртви на траума или насилство);

10 Написот е објавен на https://www.fakulteti.mk/news/07062018/lazhichkata-kako-spas-od-prisilen-brak на 07.06.2018

- Да ја почитуваат приватноста. Секој има право на приватност и да биде третиран со почит, а особено децата;
- Да водат сметка децата да се интервјуираат во присуство на одговорно возрасно лице или старател;
- Да им го објаснат процесот на известување и да им објаснат зошто е важна нивната приказна;
- Да избегнуваат, освен во најисклучителни околности, извитоперувања и измами кога известуваат за прашањата поврзани со трговијата со луѓе.

## ЗАПОМНЕТЕ

**Доколку жртвата нема родител или старател, или е неписмена и не може да чита, како и доколку надлежната организација што го застапува преживеаното лице е неверодостојна, новинарот мора да се потпира на сопствената совест и сопственото етичко расудување. Ова е моментот кога треба да се покаже на дело етичноста.**



Еве дополнителен список на прашања од етички аспект кои новинарите треба да си ги постават кога интервјуираат жртва на трговија со луѓе:

- Дали објаснив зошто го правам ова интервју и која е целта на мојата приказна? Дали бев потполно транспарентен за моите намери?
- Дали се погрижив да го заштитам лицето (на пример, некое младо лице или некое друго лице во ранливи околности) да биде свесно за можните последици од објавувањето на информациите што ќе ми ги даде?

- Дали сум сигурен дека соговорникот целосно ги разбира условите на нашето интервју, и што точно подразбирам кога ќе кажам неофицијални, заднински информации или информации кои не се за цитирање, како и кога ќе употребам некој друг стручен термин?
- Доколку изворот постави услови пред да се согласи на интервјуто, кои се моите ограничувања? Дали треба да ги платам трошоците на кои ќе се изложи изворот за да ми го даде интервјуто? Кои би можеле да се сметаат за легитимни трошоци што може да му ги платам?
- Дали јас би се согласил да му дадам дополнителна поддршка на изворот, на пример, помош за правно застапување, доколку се појават некои проблеми како последица на моето известување?
- Дали побарав дозвола пред да направам фотографија или видео снимка?
- Дали поставив умесни прашања, дали не предизвикав повторно преживување на трауматичните искуства, дали му дозволив на соговорникот да зборува слободно?
- Дали се фокусирав на позитивните аспекти од искуството на соговорникот и дали му појаснив на соговорникот дека има право да го провери мојот извештај, доколку случајно содржи фактички грешки, пред да го објавам?
- Дали ги поставив и добив одговор на сите прашања? И дали бев внимателен и чувствителен и ги заштитив интересите на соговорникот?

## Анонимност

...е право кое треба да го уживаат оние на кои им е потребно, но кое никогаш никому не му се доделува рутински. Кога станува збор за трговијата со луѓе, заштитата на најранливите луѓе наложува новинарите да водат сметка да им ја обезбедат анонимноста на жртвите и на оние кои можеби ќе се изложат себеси на дополнителен ризик доколку им се разоткрие идентитетот, без оглед дали побарале да бидат анонимни или не.

### Дали новинарите треба да ги прекршат правилата во името на човечноста?

Понекогаш, новинарите може да изградат двонасочни односи со своите извори, што пак може да го поткопа етичкиот темел на нивната работа.

Во 2014 година, шведскиот телевизиски новинар Фредрик Еневал се спријатели со -15годишен сириски бегалец, во текот на неговата задача да известува за мигрантските текови. Тој и неговиот тим решија да му помогнат на момчето и да го доведат во Шведска. Филмот што тие го снимија за патешествието на ова момче беше емитуван на шведската државна телевизија, и наиде на широко одобрување кај публиката, па сепак, новинарот беше кривично гонет и осуден за криумчарење на луѓе. Неговата постапка предизвика остра дебата во новинарската фела за улогата што новинарите ја имаат во известувањето – дали треба да станат соучесници во приказната или да останат само набљудувачи?



*Избегнувајте ја употребата на фотографии или снимки кои играат на картата на сензационализам, упад во приватноста и воајеризам*

# 4. Насоки за фотоновинарство



Секој новинар сака да направи интервју, фотографија или видео со луѓето кои во моментот се наоѓаат во некаква експлоатација или принудна работа. Драмата и трагедијата на смртните случаи меѓу мигрантите, од кои многумина западнале во трговијата со луѓе, станаа богат извор на моќни слики, но голем дел од нив се контроверзни.

Не заборавајте дека присуството на новинарска екипа во ситуација каде што се наоѓаат ранливи, преплашени и експлоатирани луѓе може да биде трауматично за нив. Новинарите треба да направат сѐ што е во нивна моќ да создадат безбедна и сигурна атмосфера кога ги интервјуираат или снимаат луѓето кои биле жртви на трговијата со луѓе.

Новинарството се крепи од употребата на моќни слики при раскажувањето на приказните, но од суштинско значење е медиумите да внимаваат да не создадат површни впечатоци со кои може да ги поттикнат и зацврстат стереотипите (врзани раце, мрежести чорапи и високи потпетици во црвено осветлување, барови и сл).

**Секогаш барајте дозвола** за да фотографирате или снимате поединци, иако тоа не е нужно доколку ги сликате или снимате во некое јавно окружување. Доколку е можно, побарајте писмено одобрување однапред.

**Избегнувајте користење на фотографии кои одразуваат клише, како на пример** девојка во синџири или човек со бар-код, или дете зад решетки или во бордел. Како слика на жена со баркод на неа би можело да помогне да се хуманизира приказната?

Ваквите слики само придонесуваат за стереотипите за трговијата со луѓе, и може да наведат на погрешен заклучок. На пример, голем број жртви на трговијата со луѓе се луѓето кои ја преживеале таквата состојба и сега закрепнуваат. Многумина и не биле сурово принудени на експлоатацијата, туку биле емоционално изманипулирани и станале зависни.

**Избегнувајте експлицитни слики на насилство.** Многу ретки се случаите кога прикажувањето на екстремното насилство може да биде во јавен интерес. Општо земено, уредниците и снимателите мора да размислат за тоа колкава мера е прифатлива употребата на снимки од телесни повреди? Каде ја повлекуваме линијата? Оправдано ли е да се прикажат лузни, модринки, скршени раце и нозе на жртвите на трговијата со луѓе за да ја раскажеме приказната?



# 5.
# Погрешни практики

## Ова се некои од примерите за погрешни практики во известувањето:

### Упростување на феноменот на трговија со луѓе

Не наметнувајте ги стереотипите за трговијата со луѓе како робови во окови, како дихотомија на жртви и експлоататори. Упростениот приказ и јазикот кој зборува за „сексуалните робови“, „пазарот на месо“, „жените што се продаваат себеси“ и сл. ја дехуманизираат и засенуваат сложеноста на феноменот на трговијата со луѓе. Следниов пример (извадок од објавен текст во медиумите) го илустрира таквиот негативен пристап на известување.

**Романка три месеци била сексуална робинка во Кондово[11]**

Романка три месеци била сексуална робинка во Кондово. 23-годишен жител на селото ја запознал во Германија и ветил дека ќе се ожени со неа кога ќе ја донесе дома. Но во скопското село ја пречекал вистински кошмар. Несудениот сопруг и ги одзел документите, ја присилувал на работа и физички и сексуално ја злоставувал.

### „Вкалапување“ на жртвите

Не мора сите жртви нужно да бидат беспомошни луѓе без сопствена волја и агенда. Групите луѓе се различни: колку што е поголема групата, толку е поголема и внатрешната разноликост. Задачата на новинарот е да ја открие различноста во овие групи, а не да ги прокламира некои од заштитените својства на овие луѓе коишто ја карактеризираат пошироката група.

### Употреба на стереотипен речник, наративи и слики

Да се известува за трговијата со луѓе без при тоа да се скандализира темата значи да не се користат и да не се прикажуваат слики во сексуален контекст со цел да се илустрира жртвата. Избегнувајте го зацврстувањето на етничките стереотипи.

11 Целиот напис е објавен на 25.05.2014, на https://kanal5.com.mk/romanka-tri-meseci-bila-seksualna-robinka-vo-kondovo/a206183 .



Еве еден негативен пример на илустрирање на прикажаната со несоодветна фотографија која илустрира насилство.

## Предодреден родов дискурс

Дискурсот  кој по дефиниција се користи за опишување на жртвите на трговијата со луѓе го нагласува женскиот род. Пренагласеноста на женскиот род како жртва може да доведе до погрешна претстава за трговијата со луѓе во целина и да ги зацврсти предрасудите и претставите за жените како жртви. Доколку се споменува родот, тогаш треба да се вклучи и машкиот род и другите родови идентификации, со што се зголемува индивидуалноста на тргуваното лице.

## Употреба на погрешна и несоодветна терминологија

Медиумите применуваат различен дискурс кога известуваат за случаите на трговија со луѓе. Честопати се забележува употреба на несоодветни и дискриминирачки термини, како на пример „бело робје“, или пак трговијата со луѓе се поистоветува со криумчарењето луѓе, иако станува збор за два различни феномена. Овие различни наративи понекогаш претставуваат предизвици за медиумските професионалци и новинарите, затоа што погрешното информирање може да создаде погрешна или нејасна претстава за конкретниот случај. Затоа е многу важно новинарите добро да го познаваат овој феномен и да прават разлика со  другите слични феномени и криминални дела. Еве еден пример од медиумите каде во текстот   може да се заклучи дека терминот трговија со луѓе е несоодветно или нејасно употребен.

## Во близина на Либија потона чамец со 120 илегални имигранти: 117 лица се удавија [12]

Во Средоземното море во близина на Либија потонал чамец кој превезувал 120 илегални имигранти и притоа се удавија 117 лица од кои две бебиња и една бремена жена. Според вестите објавени во италијанскиот печат, гумениот чамец кој отпловил од либискиот град Гарабули по приближно 10 часовно пловење почнал да испушта воздух и потонал на 45 милји од либискиот главен град Триполи. Не било интервенирано три часа по несреќата, по што 117 лица од кои повеќето од западноафриканските земји го загубиле животот во морето.

По изминати 3 часа од несреќата со хеликоптер на Поморските сили на Италија биле спасени тројца мигранти од кои двајца од Судан и еден од Гамбија, кои потоа биле однесени на островот Лампедуза на југот на Италија. Спасените мигранти биле пренесени на лекување поради хипотермија. Италијанските Поморски сили и либиската крајбрежна стража во текот на ноќта реализирале активности за пребарување и спасување на местото на несреќата во територијалните води на Либија, меѓутоа не можело да се дојде до ниту еден друг илегален имигрант. Италијанскиот вицепремиер и министер за внатрешни работи Матео Салвини чија земја ги затвори своите пристаништа за мигрантите кои доаѓаат преку Средоземното море рече: - «Во близина на Либија повторно има жртви. Се додека бидат отворени европските пристаништа, се додека некои им помагаат на трговците со луѓе, криумчарите на луѓе ќе продолжат да убиваат и да се бават со оваа работа.“



12 Написот е објавен на 20.01.2019 на https://www.trt.net.tr/makedonski/sviet/2019/01/20/vo-blizina-na-libija-potona-chamiets-so-120-ilieghalni-imighranti-117-litsa-sie-udavija-1129166

6.

# Линкови и контакти

## Контакти од релевантните институции и организации во Северна Македонија

| ИНСТИТУЦИЈА/ОРГАНИЗАЦИЈА | КОНТАКТ |
|---|---|
| Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција<br><br>**http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/** | Канцеларија на Национален Координатор за борба против трговија со луѓе и илегална миграција<br><br>Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија<br><br>Адреса: Димче Мирчев бр 1000 ,9 Скопје<br><br>Тел. +389 02 3238-595,<br>+389 02 3143-241<br><br>Факс: +389 02 3142-788 |
| Министерство за внатрешни работи<br><br>Контакти со медиуми<br>**https://mvr.gov.mk/portparoli-na-svr**<br><br>Единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти<br><br>Оддел за гранични работи и миграции<br>**https://mvr.gov.mk/profilepage/sektor-za-granichni-raboti-i-migracii** | Адреса: Димче Мирчев бр 1000 ,9 Скопје<br><br>Портпарол<br><br>Тел: +38970274499<br><br>mvrjavnost@gmail.com<br><br>Тел: +389 02 314 23 77<br>Тел: +389 02 333 40 36 |
| Министерство за труд и социјална политика<br>**http://mtsp.gov.mk/**<br><br>Канцеларија на Национален механизам за упатување (НМУ)<br><br>Центри за социјална работа | Адреса: Даме Груев 14, 1000 Скопје<br><br>Тел: +389 02 3129 308<br>+ 389 02 3106 663<br><br>НМУ Координатор<br>Тел: +389 02 3 106 443<br>nmuofficemk@yahoo.com<br><br>Контакти:<br>**https://mtsp.gov.mk/institucii.nspx** |

| ИНСТИТУЦИЈА/ОРГАНИЗАЦИЈА | КОНТАКТ |
|---|---|
| Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција<br>**http://jorm.gov.mk/osnovno-javno-obvinitelstvo-za-gonen/** | Јавен обвинител<br><br>Раководител на Национална единица за сузбивање криумчарење мигранти и трговија со луѓе<br><br>Адреса: Кеј Димитар Влахов 66, 1000 Скопје<br>тел. +389 023298 -288<br>факс.+389 023219 – 881<br>jorm@jorm.org.mk<br>Служба за односи со јавноста<br>press@jorm.mk |
| Канцеларија на националниот известувач за трговија со луѓе и илегална миграција на народниот правобранител | Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција на народниот правобранител<br>Народен правобранител<br>Адреса: ул. Македонија бр. 19, 1000 Скопје<br>Тел: +389 02 3129335<br>Факс: +389 02 3129359<br>contact@ombudsman.mk |
| Прифатен центар за странци | Тел/факс:+389 02 3142613 |
| Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта- Ла страда Скопје<br>**www.lastrada.org.mk**<br><br>Центар за лица-жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство | Тел/Факс:+389 02700107<br>lastrada@lastrada.org.mk<br>СОС линија: 080011111 |
| Здружение за еднакви можности Семпер<br>**http://www.semper.org.mk/** | Адреса: Ул.Сисак бр.23, 7000 Битола<br>Тел: +389 47/252-095<br>+389 47/251-000<br>+389 70/339-296 |
| Здружение за еднакви можности „Еднаков пристап“<br>**www.ednakvimoznosti.mk** | Адреса: Добромир Хрс бр.3, 1000 Скопје<br>Тел: + 389 02 2781244<br>+ 389 70323671<br>ednakov_pristap@yahoo.com |

| ИНСТИТУЦИЈА/ОРГАНИЗАЦИЈА | КОНТАКТ |
|---|---|
| Македонско здружение на млади правници<br>**https://myla.org.mk/** | ул. Донбас бр. 1000 6/14 Скопје<br>Тел: +389 02 3220 870<br>contact@myla.org.mk |
| Црвен крст на Република Северна Македонија<br>**http://ckrm.org.mk/** | Адреса: Бул.Кочо Рацин бр 13, 1000<br>Скопје<br>Тел: +389 02 311 43 55<br>mrc@redcross.org.mk |
| Центар за граѓанска иницијатива<br>**http://cgimk.org.mk/** | Адреса: ул. Димо Наредникот 66, 7500 Прилеп<br>Тел: + 389 48 425 125<br>+ 389 48 400 480<br>ccimk@cgimk.org.mk |
| Национален совет за родова рамноправност **http://sozm.org.mk/** | Адреса: 11 октомври 1000 ,17 Скопје<br>Тел: 3134390 02 389+<br>+3892 3238814<br>Sozm@t-home.mk; sozmrc@unet.org.mk |
| Невладина организација Новинари за човекови права<br>**www.jhrmk.org** | Адреса: Страшо Пинџур 1000 ,7 Скопје<br>Тел: 233917 70 389+<br>detstvo@detstvo.org.mk |
| Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје<br>**https://www.coe.int/en/web/skopje**<br><br>Хоризонтален инструмент на ЕУ и Совет на Европа<br>**http://horizontal-facility-eu.coe.int** | Адреса: Деловен центар Соравија Филип Втори Македонски 3,<br>1000 Скопје<br>тел: 330 3100 02 389+<br><br>horizontal.facility@coe.int |

## Релевантни меѓународни институции и организации

Постојат голем број меѓународни организации и невладини организации, како и локални и регионални групи вклучени во справувањето со феноменот трговија со луѓе. Еве некои од нив кои би можеле да ги контактираат медиумите.

Совет на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Таа има 47 земји-членки, кои се потписнички на Европската конвенција за човекови права, договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе, изготвена од Совет на Европа, предвидува поставување на независен мониторинг механизам („ГРЕТА") кој е составен од група на експерти кои ја оценуваат усогласеноста на членките со нејзините одредби.

**Council of Europe (CoE)**
**https://www.coe.int/en/web/portal**
Контакт: **https://www.coe.int/en/web/portal/media-contacts**

Е-мејл: pressunit@coe.int

Меѓународен центар за развој на миграциски политики е меѓународна и меѓувладина организација во која членуваат 18 земји членки, меѓу кои и Северна Македонија. ICMPD вклучува Програма за борба против трговија со луѓе, која имплементира проекти, помага во градење на капацитети и спроведува истражувања.

**The International Centre for Migration Policy Development (ICMPD)**
**https://www.icmpd.org/home/**
Контакт: Gonzagagasse 1, 1010 Vienna Austria
Тел: +43 1 504 46 77 0 Fax: +43 1 504 46 77 23 75
Е-мејл: media@icmpd.org

Висок комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (УНХЦР) е глобална организација посветена на заштита на правата и градење подобра иднина за бегалците, присилно раселените заедници и луѓето без државјанство, со примарна цел да се заштитат правата и благосостојбата на луѓето кои биле принудени да ги напуштат своите домови.

**The United Nations High Commissioner for Refugees (UNHCR)**
**http://www.unhcr.org/**
Контакт: United Nations High Commissioner for Refugees Case Postale 2500 CH-1211 Genève 2 Dépôt Switzerland
Тел: +41 22 739 8111 (automatic switchboard) Fax: +41 22 739 7377
**http://www.unhcr.org/international-media-contacts.html**

Меѓународна организација на трудот (МОТ) ги обединува владите, работодавачите и работниците од 187 земји-членки за да постават работни стандарди, да развиваат политики и да осмислуваат програми за унапредување на работните услови за сите жени и мажи.

**The International Labour Organization (ILO)**
**http://www.ilo.org/global/lang--en/index.htm**
Тел: +41 22 799 7912 Fax: +41 22 799 8577
Веб: ilo.org/newsroom
Е-мејл: newsroom@ilo.org

Меѓународна организација за миграции (ИОМ) е водечка меѓувладина организација која работи во областа на миграцијата и тесно соработува со владини, меѓувладини и невладини партнери. Активностите вклучуваат унапредување на меѓународните правни инструменти кои се однесуваат на миграциите, изготвување политики и насоки, како и заштита на правата на мигрантите.

**The International Organization for Migration (IOM)**
**https://www.iom.int/**
**//www.iom.int/media-contacts**

Етичка мрежа на новинари е коалиција од повеќе од 60 групи на новинари, уредници, медиумски сопственици и групи за поддршка на медиуми од целиот свет кои што пропагираат дека принципите на етичко новинарство се универзални и претставуваат значаен ресурс во однос на почитувањето на демократијата и човековите права.

**The Ethical Journalism Network (EJN)**
**https://ethicaljournalismnetwork.org/**
**Контакт: https://ethicaljournalismnetwork.org/who-we-are/contact**

## Неколку клучни политички иницијативи и ресурси од меѓународните агенции со кои новинарите и медиумите треба да се запознаат:

| | |
|---|---|
| **РАБАТ ПРОЦЕС** | Европско-африкански дијалог за миграции и развој<br>**https://www.rabat-process.org/en/about/rabat-process** |
| **КАРТУМСКИ ПРОЦЕС** | Платформа за политичка соработка меѓу земјите долж миграциската рута помеѓу рогот на Африка и Европа<br>**https://www.khartoumprocess.net/** |
| **БУДИМПЕШТАНСКИ ПРОЦЕС** | Советодавен процес меѓу 50 земји за  миграција<br>**https://www.icmpd.org/our-work/migration-dialogues/budapest-process/** |
| **ПРАШКИ ПРОЦЕС** | Дијалог за миграција меѓу земјите од Европската Унија, Шенгенската зона,  Источното партнерство, Западен Балкан, Централна Азија, Русија и Турција<br>**https://www.pragueprocess.eu/en/** |
| **ДИЈАЛОГ ЗА МЕДИТЕРАНСКА ТРАНЗИТНА МИГРАЦИЈА** | Советодавен дијалог меѓу функционерите кои се справуваат со миграцијата и сродните проблеми<br>**https://www.icmpd.org/our-work/migration-dialogues/mtm-dialogue/** |
| **ГЛОБАЛНА СПОГОДБА ЗА МИГРАЦИЈА** | Иницијатива на Обединетите Нации за холистички приод кон миграцијата<br>**https://refugeesmigrants.un.org/migration-compact** |
| **ГЛОБАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ** | Стратегија на Обединетите Нации за справување со трговијата со луѓе<br>**https://www.un.org/pga/72/event-latest/global-plan-of-action-to-combat-trafficking-in-persons/** |

| | |
|---|---|
| **МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ** | Клучна организација на ОН за принудната работа и детската работа **https://www.ilo.org/global/lang--en/index.htm** |
| **МЕЃУСЕКТОРСКА КООРДИНАТИВНА ГРУПА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ** | Заемна соработка на агенциите на ОН во борбата против трговијата со луѓе **http://icat.network/** |
| **АЛИЈАНСА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ** | Широк меѓународен форум воспоставен од Организацијата за безбедност и соработка во Европа **https://www.osce.org/secretariat/107221** |
| **АЛИЈАНСА 8.7** | Меѓународна алијанса за борба против детската работа **https://www.alliance87.org/** |
| **РЕДАКЦИЈА ЗА МИГРАЦИЈАТА** | Основана за новинарите, од страна на Меѓународната организација за миграција **https://www.iom.int/press-room/newsdesk** |
| **ПРИКАЗНИ ЗА МИГРАЦИЈАТА** | Брифинзи од Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации **https://www.unhcr.org/uk/news-and-stories.html** |
| **ПРОЕКТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НА ИЦМПД** | Резиме на дејствијата што ги презема Меѓународниот центар за развој на миграциски политики, кој спроведува сеопфатни истражувања и усовршувања, го поддржува развојот на политиките против трговијата со луѓе и придонесува за меѓународната соработка во оваа област, особено на полето на трговијата со луѓе **https://www.icmpd.org/our-work/capacity-building/programmes/anti-trafficking-programme/ongoing-projects/?L=0** |

## Корисни линкови и примери за добро известување

**https://www.freetheslaves.net/about-slavery/faqs-glossary/**
Една од многуте меѓународни невладини организации што одлично соработува со новинарите.

**https://gijn.org/human-trafficking-resources-best-practices-in-reporting/**
Одличен ресурс со примери за добри практики и совети за новинарите и медиумските организации од Глобалната мрежа на истражувачките новинари.

Патрик Кингзли, од „Д Гардијан“ и еден од водечките новинари на Британија, зборува за предизвиците во известувањето за бегалската криза.

Прочитајте го целиот напис: **https://cutt.ly/Sg2NVkx**

Истрагата на „Д Гардијан“ ни открива како рибарската дејност во Либија станала преплавена со криумчари на луѓе, кои набрзина испокупувале бродови за да може да пренесуваат мигранти и бегалци преку Средоземјето.

Прочитајте го целиот напис: **https://cutt.ly/xg2N0r5**



## Некои од постоечките насоки за медиумско известување кои се достапни на интернет

Трговијата со луѓе и медиумите. Прирачник за новинари. Прирачникот е објавен во 2010 година со поддршка на Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), а автори се специјалисти за заштита о трговија со луѓе од невладината организација Отворена Порта –Ла Страда и новинар кој се занимава со овие теми. Прирачникот има за цел да ги зајакне капацитетите на медиумите за професионално известување за трговијата со луѓе.

**Прочитајте повеќе:** https://cutt.ly/sg2N7fa

*Преглед на медиумското претставување на трговијата со луѓе*. Оваа публикација нуди преглед на начинот на кој трговијата со луѓе се претставува во информативните медиуми, а вклучува и студии на случај од Обединетото Кралство, Кипар и Полска. Во извештајот се резимираат 212 написи од десет весника објавени во периодот од 2010 до 2014 година.

**Прочитајте повеќе:** https://lastradainternational.org/doc-center/3090/review-of-the-media-framing-of-human-trafficking

*Етичките и безбедносните препораки за интервјуирање на тргуваните жени* од 2003 година на Светската здравствена организација (СЗО). Покрај заднинскиот материјал како оправдување за овие препораки, документот на СЗО содржи и „десет водечки начела за етичкото и безбедното однесување при интервјуирање на жените кои биле тргувани“.

**Прочитајте повеќе:** https://www.who.int/mip/2003/other_documents/en/Ethical_Safety-GWH.pdf

*Начела и насоки за етичко известување за децата* на УНИЦЕФ. Целта на овој документ е „да им се помогне на медиумите да известуваат за децата чувствително и на начин кој е соодветен на возраста. Овие насоки имаат за цел да ги поддржат најдобрите намери на етичките известувачи: служење во интерес на јавноста без да се компромитираат правата на децата“.

**Прочитајте повеќе:** https://www.unicef.org/media/reporting-guidelines

Миграцијата и медиумите. Прирачник за новинари. Целта на прирачникот изготвен со помош на ЕУ и ИЦМПД  е да им обезбеди на новинарите основно разбирање за сложените прашања на миграцијата, бегалците и трговијата со луѓе, како и нивното влијание врз глобалните текови.

**Прочитајте повеќе:** https://cutt.ly/Yg2Muji

**Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје,**
**Деловен центар Соравија**
**Филип Втори Македонски 3,**
1000 Скопје
**тел.: +38923100 330**

**Вебсајт: http://horizontal-facility-eu.coe.int**
**Е-мејл:** horizontal.facility@coe.int
Facebook : @jp.horizontal.facility
Twitter : @CoE_EU_HF

Оваа публикација е изработена со заеднички средства на Европската Унија и Советот на Европа. На ниеден начин не може да се смета дека гледиштата изразени во истата го одразуваат мислењето на Советот на Европа и на Европската Унија.

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ